Здружение на хумантарни цели и активности УМИЛЕНИЕ
БР. 24-0302/26
05.09.2026 год.
Виница

Хуманитарно здружение „УМИЛЕНИЕ,, ВИНИЦА

Адреса: Ваташка 5
Телефонски број 077 816 822, email - umilenie.vinica@gmail.com
Даночен број 4005021505796
Архивски број: 24-0302/26
Датум: 09.09.11. 2026 година

Република Северна Македонија
ОПШТИНА ВИНИЦА
СОВЕТ НА ОПШТИНАТА

Примено: 09 11 2026			
Орг.Един.	Број:	Прилог	Вредност:
05-	285/5		

ДО:
СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА

ПРЕДМЕТ: Барање за одобрување на финансиски средства за реализација на хуманитарни активности

Хуманитарното здружение „УМИЛЕНИЕ,, Виница како организација со долгогодишно искуство, висок рејтинг и докажан кредибилитет во спроведувањето на хуманитарни акции на територијата на Општина Виница како и на цел источен регион бараме од вас финансиска поддршка.

Како здружение кое зад себе има бројни успешно реализирани проекти и помогнато на повеќе сограѓани од социјално ранливи категории, секогаш се стремиме кон максимална транспарентност и отчетност. Нашата работа е препознаена и високо оценета од поширокаата јавност, медиумите и нашите донатори.

Оваа година за разлика од претходните бараме поголем износ односно 100 000 денари поради зголемување на секојдневните наши активности и трошоци. Средствата ќе бидат искористени исклучиво за набавка на прехрамбени артикли, материјали за реновирање на домови, за лекување на болни и изнемоштени и слично.

Како здружение со висок рејтинг, гарантираме дека секој денар ќе биде наменски потрошен, а по завршувањето на активностите до Општината ќе доставиме детален наративен и финансиски извештај со соодветни фискални и сметководствени докази. Нашата цел е заеднички, како Општина и граѓански сектор, да помогнеме таму каде што е најпотребно.

Со почит,

Виница

09.09.2026 година

Претседател на здружение за хуманитарни цели и активности УМИЛЕНИЕ Виница

Рената Николовска

УМИЛЕНИЕ

ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

Назив на здружението: Здружение за хуманитарни цели и активности УМИЛЕНИЕ Виница
Период на реализација: 01.01.2027- 31.12.2027

1. Вовед и мисија

Здружението **за хуманитарни цели и активности УМИЛЕНИЕ Виница** е непрофитна, невладина и хуманитарна организација формирана со цел директно ублажување на сиромаштијата и подобрување на квалитетот на живот на социјално загрозените граѓани, старите и изнемоштени лица,многудетните семејства како и самохраните родители. Преку транспарентна работа и соработка со општествено одговорни компании и индивидуални донатори, здружението обезбедува континуирана материјална и здравствена поддршка за оние на кои им е најпотребна.

2. Главни цели на програмата

- Обезбедување основна егзистенција преку редовна дистрибуција на храна и средства за хигиена.
  Опис на активноста: Формирање база на социјално загрозени семејства и континуирана набавка на основни прехранбени производи (брашно, масло, шеќер, тестенини, конзервирана храна) и средства за лична и домашна хигиена.Пакетите се подготвуваат и дистрибуираат еднаш месечно, директно на домашна адреса на корисниците како и секојдневно помагање со готови порции, леб и бели пецива на инвалидни и болни лица.

- Подобрување на условите за домување на семејства кои живеат во супстандардни услови.
  Опис на активноста: Теренска проценка на домовите на најзагрозените семејства, набавка на градежни материјали и ангажирање волонтери или мајстори за санација на кровови, замена на дотраени прозорци и врати, уредување на санитарни јазли и варосување.

- Заштита на здравјето на ранливите категории преку покривање трошоци за неопходни лекови.
- **Опис на активноста:** Покривање на трошоци за лекови кои не се на позитивната листа, медицински помагала и неопходни терапии за хронично болни лица и пензионери со ниски примања, врз основа на приложена медицинска документација.

- Обезбедување топлина и безбедно презимување на социјално загрозените домаќинства.
  Опис на активноста: Собирање наменски донации за купување, транспорт и цепење на огревно дрво за семејства кои немаат финансиска можност самостојно да се подготват за грејната сезона.

Начин на финансирање и транспарентност

Активностите предвидени со оваа програма ќе се финансираат преку:

- Донации од физички и правни лица (фирми);
- Организирање хуманитарни настани, базари и донаторски кутии;
- Аплицирање на јавни повици и проекти

Здружението се обврзува на целосна транспарентност преку редовно објавување на фото-извештаи и финансиски прегледи за секоја реализирана акција на своите официјални гласила и социјални мрежи (со почитување на приватноста и достоинството на корисниците).на нашите достапни страни на facebook, instagram YouTube канал.

Во здружението се организраат и други начини за прибирање на средства за загрозени семејства зависно од моментот како и се извршуваат и дополнителни активности кои не се предвидени во програмата а се појавуваат инцидентно а многу често организараме родендени и други слави на болни лица, им плаќаме одмори, ги водиме на прошетки и друг начин на анимација покриено од верни донатори на здружението.

Со почит

Виница

09.09.2026 година

Претседател на здружение за хуманитарни цели и активности УМИЛЕНИЕ Виница

Рената Николовска